ОПШТИНА КОНЧЕ

# ИЗВЕШТАЈ
За реализација на Програмата за активностите на општина Конче во областа на Социјалната заштита и заштитата на децата во 2022 година

Сектор за правни и општи работи и  јавни дејности

Март, 2023 година

Општина Конче,со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ги спроведува следните мерки и активности:

**А.** Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на следните категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2022 година:

- лица со инвалидност,
- -деца без родители и родителска грижа,
- деца со воспитно социјални проблеми,
- деца од еднородителски семејства,
- стари лица без семејна грижа,
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол,
- тешко болни лица и приматели на терапија,
- лица погодени од елементарни непогоди,пожари и друго.

**Б.**Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население во соработка со општинската Организаицја на Црвен крст Радовиш.

**В.** Воведување на финасиска подршка **еднократна помош за родители при раѓање на новоороденче/прво второ, трето дете.За родители кои се жители на општина Конче.**

**Г.Вклучување на родовата перспектива во програмата**

**Д.Работа на канцеларија за социјални работи во Конче за потребите на граѓаните на општина Конче.**
**Ѓ. Работа на народна кујна за потребите на корисниците на социјални мерки преку Центарот за социјална работа Радовиш и Општина Конче.**

**Е. Програма за подршка на стари и изнемоштени лица воведена во 2019 г и континуирано подржана од општина Конче, МТСП и странски донатори.**

**Ж. Воведување на дигитализација во социјалните услуги и отварање на психо-социјално советувалиште за жртви на семејно насилство од општина Конче во соработка со општина Радовиш.**

**Ѕ. Еднократна помош за склучување на бракови на лица момче/девојка постари од 35 години од општина Конче**

**И**. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност кај младите.

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на општина Конче во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2022 година во период од 01.01.2022-31.12.2022 година.
Извештајот ги вклучува реализираните активности, времето на реализација, целите и резултатите на активностите и реализираните финансиски средства за секоја активност предвидена во програмата.
За реализација на активностите од Програмата, општината ги презема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.
Во програмата за социјалната заштита и заштитата на децата во 2022 година за нејзина реализација беа предвидени средства во износ од 1.792.000,00 денари од Буџетот на општина Конче, распоредени како учество на општината за поттикнување, помагање и подршка на повеќе активности од областа на социјалната заштита.
Во прилог е дадена табела во која се прикажани активностите реализирани согласно Програмата и износ на реализирани финансиски средства.

| Р.б | Активност | Полова структура на корисници | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Помош за стари и изнемоштени лица- посета од негователи за стари лица-кофинансирање на проект | жени-мажи | 29.000 |
| 2. | Помош на социјално загрозените семејства и лица изложени на социјален ризик (од 5000-10.000 денари) | женски/машки | 100.000 |
| 3. | Лица со посебни потреби (телесна попреченост<br>Деца со посебни потреби ) (5000 денари за лице) | женски/машки | 5.000 |
| 4. | Помош на лица погодени од елементарни непогоди(од 5000-10.000 денари) | женски/машки | 10.000 |
| 5. | Помош на деца од еднородителски семејства (3000 денари за едно семејство) | женски/машки | 0 |
| 6. | Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население | женски/машки | 0 |
| 7. | Организирање на трибини за едукација против зависности | женски/машки | 0 |
| 8. | Еднократна помош за секое новородено дете –Прво дете – 10.000 денари.<br>Второ дете -20.000 денари.<br>Трето дете- 30.000 денари | Женски/машки | 260.000 |
| 9. | Вршење превоз на храна за народна кујна | женски/машки | 72.000 |
| 10. | Помош на лица со здравствени проблеми (од 5000-30.000 денари) | женски/машки | 370.000 |
| 11. | Подршка на Клубови за стари лица | женски/машки | 0 |
| 12 | Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци | Женски/машки организации здруженија | 0 |
| 13 | Социјални пакети за празници ( 2000 денари за еден пакет) | женски/машки | 0 |
| 14 | Топол оброк за корисници од општина Конче | Женски/машки | 100.000 |
| 15 | Воведување на дигитализација во социјалните услуги и отварање на психо-социјално советувалиште за жртви на семејно насилство | Женски/машки | 100.000 |
| 16 | Еднократна помош за склучување на бракови на лица со наполнети 35 или повеќе години возраст до 100.000 денари | Женски /машки | 100.000 |
| | **ВКУПНО** | | 1.146.000 денари |

Имајќи ги во предвид, сите превземени активности во областите опфатени со Програмата за активностите на општина Конче во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во 2022 година, во текот на 2022 година, може да се каже дека се бележат значителни резултати  во општина Конче, следејќи ги  потребите на граѓаните  преку реализирање на своите планирани активности, за подобрување на животот на граѓаните на општина Конче.

Број 01-372/1 <br>
Дата 24.02.2023 <br>
Конче

Општина Конче <br>
Градоначалник <br>
Златко Ристов, с.р.